Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 291/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.11.2023 година, врз основа на примена жалба од XXX XXXX го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Скопско Ехо со текстот насловен „Ахмети: Имавме идеали да нема граница со Албанија“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 5 ноември 2023 година, лицето XXX XXXX поднесе жалба за текст со наслов „Ахмети: Имавме идеали да нема граница со Албанија“, објавен на 5 ноември 2023 на интернет порталот Скопско Ехо (www.skopskoeho.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по основ на говор на омраза.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Скопско Ехо побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не достави одговор за наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членот 10 од Кодексот, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 30 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за пренесена изјава од страна на Ахмети дадена за Телевизија 21 за време на отварање на меморијалниот комплекс Сопот, пренесена сосема коректно и објективно од страна на медиумот.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595